Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневните настани 06.03.2022

На 05.03.2022 во 16.00 часот во Тетово од полициски службеници од СВР Тетово е лишен од слобода малолетник од Тетово, кај кого е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.03.2022 околу 18,25 часот било пријавено дека на пат во близина на „Авто камп Отешево" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел астра" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Р.С.(38) од Ресен и патничко моторно возило „опел зафира" со ресенски регистарски ознаки, управувано од Џ.Ј.(50) од с.Стење. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.Ц. (43) од с. Стење, сопатничка во возилото „опел зафира" а со телесни повреди се здобиле М.Т. (61) и М.Ј. (47) од с. Евла, сопатнички во возилото „опел астра", на кои им е укажана лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Ресен.

На 05.03.2022 во 19,45 часот на подрачје на Чаир од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен е од слобода Ш.А.(38) од Скопје, затоа што на Р.Т.(62) од Скопје околу 02 часот истиот ден кај трговски центар на подрачје на Чаир насилно му одземал пари и мобилен телефон. Известен е јавен обвинител, а кај сторителот се пронајдени пари кои потекнуваат од извршеното кривично дело и истиот го признал делото. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.03.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 173 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 56 санкции, 43 мерки за возење под дејство на алкохол, 17 санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон, осум санкции за возач почетник...

На 05.03.2022 во 19.40 часот во Прилеп било пријавено дека на крстосницата на улиците „11 Октомври" и ул.„Спасе Темелкоски" патничко моторно возило „форд фиеста" со прилепски регистарски ознаки, управувано од М.К.(29) од Прилеп удрило во С.Б.(57) од Прилеп. Во Градска болница Прилеп на С.Б. и се констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Прилеп.

Во текот на вчерашниот ден (05.03.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 172 возачи. Од нив пет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 96 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 76 надвор од населено место.

На 05.03.2022 околу 15.30 часот во Скопје на ул.„Ѓорче Петров" патничко моторно возило „Пежо-206" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Д.Г.(55) од Скопје, излетало од коловозот. Од доктор од екипа од итна медицинска помош констатирана е смрт кај С.Д.Г., а со телесни повреди се здобила сопатничката М.Г.(28) од Скопје, на која и е укажаната лекарска помош во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје и јавен обвинител по чија наредба телото е дадено на обдукција.

На 06.03.2022 во 01.30 часот во Штип од полициски службеници од СВР Штип е лишен од слобода Н.Н.(32) од Штип затоа што кај него и во патничко моторно возило „јагуар" со штипски регистарски ознаки, кое го управувал, е пронајден кокаин. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.03.2022 во СВР Битола е пријавено дека околу 01.50 часот пред ноќен клуб во Битола дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Т.(35) и В.К.(24), двајцата од Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.03.2022 во 05.50 часот во Полициска станица Прилеп Б.И.(23) од Прилеп пријавил дека околу 03.30 часот на паркинг во близина на пошта и угостителски објект во Прилеп тој заедно со Џ.Б., М.П. и М.Д. биле физички нападнати од Д.М., М.Т., Г.А. и други лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2022 во 20,15 часот во Полициска канцеларија Пехчево А.Ќ.(57) од Делчево пријавила дека нејзиниот брат К.Д.(74) од.с.Црник кој бил на лекување во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје на 03.03.2022 по сопствено барање го напуштил Клиничкиот центар и се упатил во непознат правец и до моментот на пријавувањето не се вратил во неговиот дом во с.Црник. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 05.03.2022 година околу 15 часот, во СВР Охрид приведен е Н.С.(38) од Охрид. При извршен преглед, полициските службеници пронашле повеќе предмети што тој, претходно ги одзел од продажен објект лоциран на булеварот „АСНОМ" во Охрид. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05/06.03.2022 во временскиот период од 23.30 до 01.30 часот, по претходно изготвен план од страна на полициски службеници од Полициската станица за општа надлежност Битола и Отсекот за криминалистички работи Битола во координација со Државен пазарен инспекторат, спроведена е акциска контрола во објект лоциран во индустрискиот дел на Битола, во хала, изнајмена за организација на музички настан. При контролата затекнати се пет малолетници под дејство на алкохол, а И. П. (18) од Прилеп е лишен од слобода по чл. 215 од КЗ затоа што кај него пронајдени се марихуана и екстази. Од страна на Државниот пазарен инспекторат констатирани се неправилности при што објектот е затворен, а по документирање на настанот ќе следат соодветни пријави.

На 05/06.03.2022 година од 23 до 04 часот, на подрачјето на Охрид и Кичево, реализирани се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнаа 15 возачи кои, управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-13, Кичево-02). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 06.03.2022 во 04.45 часот во Полициска станица Неготино П.К.(21) од с.Тимјаник, неготинско и Д.М.(20) од Неготино пријавиле дека околу 04.30 часот пред сендвичара во Неготино биле физички нападнати од М.Ј. од с.Криволак. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2022 во СВР Тетово е пријавено дека на 04/05.03.2022 во времето од 17.00 до 08.00 часот на улица „Киро Ристевски Дрнц" во Тетово во паркирано патничко моторно возило „фиат пунто" паркирано од М.А. удрило залутано зрно и го оштетило предното ветробранско стакло. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2021 околу 20,45 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека во аптека на подрачје на Центар едно лице со закана со остар предмет од вработените одземало пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.03.2022 во 20.20 часот на подрачје на Аеродром од полициски службеници од СВР Скопје лишен од слобода е Ј.Ј.(32) од Скопје по претходна пријава дека се самозадоволувал на јавно место пред други лица. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На (05/06.03.2022) од 21.00 до 05.00 на територија на СВР Куманово спроведена е зајакната акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол, при што санкционирани се 25 возачи,од кои 23 во Куманово и 2 во Крива Паланка. Засилените акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до сите учесници во сообраќајот да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи и заеднички да придонесеме за побезбедни патишта.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет